МУЗЕЈ НА СОВРЕМЕНАТА УМЕТНОСТ - СКОПЈЕ

СОВРЕМЕНА ЧЕХОСЛОВАЧКА УМЕТНОСТ

(од збирките на музејот на современата уметност-скопје)

2. март - 9 април 1990 година

Со желба пошироката јавност да ја запознаеме со дел од богатите меѓународни збирки на ликовни творби на Музејот на современата уметност во Скопје, преку изложбата "Современа чехословачка уметност", продолжуваме со презентацијата на националните колекции. Заедно со делата од француските, италијанските и полските дарители што веќе имавме можност да ги видиме во изложбените простори на Музејот минатите години, творбите на чехословачките уметници со бројноста и квалитетот заслужуваат да бидат презентирани на ваков начин.

Од 1964 до денес 96 автори кои живеат и творат во Чехословачка за Музејот во Скопје подарија 266 дела (слики,скулптури,цртежи,графики). Овие дела се добиени како резултат на одзивот на апелот испратен до сите уметници во светот од Конгресот на Меѓународното здружение на пластичните уметности во октомври 1963г. во Њујорк, со цел да се приклучат кон акцијата со подарување на уметнички творби да се помогне на градот жестоко погоден во катастрофалниот земјотрес 1963 година.

Непосредни организатори во собирањето на уметнички дела во Чехословачка беа Сојузот на ликовните уметници во Чехословачка и Јиржи Коталик,директор на Националната галерија во Прага.

Со дел од донацијата на Националната галерија во Прага добиена 1971г. се индицирани неколку значајни претставници на чешкиот кубизам: Франтишек Музика, Јинджих Штирски, Емил Фила, Франтишек Тихи кои ги применуваат методите на кубизмот присутни во чешкото сликарство во XX век. Дела од овие автори заедно со творбите од Вацлав Шпала, Јан Зрзави, Франта и Јан Штурса се изложени во постојаната поставка на Музејот. Чехословачката збирка делумно е презентирана преку изложбите на подарени дела. Претставувањето на чехословачкото творештво преку одреден број автори со дела создавани пред се во педесетите и шеесетите години не ни дава можност да ги согледаме развојните карактеристики на чехословачката уметност во целина. Но, од изложените дела се потврдува содржинската сложеност и стилската диференцираност карактеристична за денешните пластични уметности. Сликарската збирка на изложбава е презентирана преку дела создадени од крајот на педесетите и шеесетите години, време кога во Чехосло-

вачка се прават напори да се напуштат догмите и принципите на соц-реалистичката естетика што ја парализираа креативната активност во доменот на пластичните уметности. Тоа е време кога се започнува со ревалоризација на наследството од минатото, се корегираат теоретските заблуди, се прекинува со административните мерки во уметничкото творештво и на уметноста и се враќа изгубениот простор за слободно творење. Се јавуваат млади уметници со чие самостојно и групно претставување започнува поширока меѓународна активност на чехословачката уметност.
Еден од авторите кој внесува посовремени размислувања во чехословачката уметност е Честмир Кафка. Тој се ослободува од почетното влијание на надреалистичката школа, за да се доближи ,преку конструктивното сликарство, до енформелистичката естетика на А.Тапие проучувајќи ги структурите на материјата. Во доменот на апстрактните тенденции треба да се истакне делото на Микулаш Медек, еден од најзначајните претставници на чешката авангарда, кој го напушта надреализмот за да допре до структуралното сликарство чиј визуелен и емотивен ефект е базиран на жестока боја со која гради шифри и ликовни знаци.
Експресивна интерпретација на реалноста е основа на платното на Бохдан Копецки. Творештвото на Јан Котик еволуира од фигуративен карактер до апстрактен експресионизам карактеристичен за групата "Кобра" со нагласена спонтаност на пиктуралниот гест. Апстрактно организирана композиција следиме и во делото на Ваца Карел. Стилот на Франтишек Худечек, еволуира од конструктивен објективизам богат со фантастични и орнаментални елементи кон геометриска апстракција со елементи на оп-артот.
Една од бројните уметнички групи кои се појавуваат во повоениот период во Чехословачка е "Групата 42" која ги обединува уметниците чиј интерес е насочен кон секојдневието на современиот урбан живот, кон драмата и моралноста на модерниот свет, со неминовното присуство на човекот и појавата на отуѓеност што е карактеристика на денешното време. Тие размислувања ги следиме во делата на Франтишек Грос, Карел Соучек, Јозеф Лиеслер, Јан Желибски и Рудолф Кривош, автори кои тргнуваат од реалистичките истражувања развивајќи ги потоа своите експресивни можности во односот со традицијата и актуелните искуства на современата уметност. Еден од најоригиналните чехословачки автори, член на оваа група, е Камил Лотак кој извори-

те на својата инспирација ги наоѓа во ехото од детските спомени, во инвентивноста и прогресот на XX век. Во неговото дело се спојува наивниот но истовремено и интелектуален дух со рафинираната едноставност на неговите експресивни можности.
Пејзажното сликарство има долга традиција во чехословачката уметност. Интересот за пејзажот го следиме воделата на автори и од постарата и од помладата генерација: Франтишек Јироудек, Бохумир Дворски, Јан Бауш, Јозеф Јира, Јарослав Грус и Вацлав Рабас.
Кај Вацлав Рабас се среќаваме со класична органиазција на композицијата и со реалистички пристап кон мотивот. Рафинираниот и култивиран јазик на Франтишек Јироудек го сместува неговото творештво во "лирскиот експресионизам". Преку класична, традиционална организација на композицијата Бохумир Дворски го пренесува на платно природниот предел. Егзалтирана лирска експресија без губење контакт со објективната реалност следиме во сликарството на Јан Бауш.
Започнувајќи да слика пејзажи во стилот на фовистите, Јозеф Јира со субјективен и нервозен ракопис успева да го трансформира своето сликарство кое се повеќе добива во експресивна жестокост не губејќи ја својата реалистичка карактеристика. Кај Јарослав Грус, автор од најстарата генерација чехословачки уметници, реалистичкиот третман на мотивот добива во квалитет со нагласените линеаризми.
Чехословачката скулптура не сме во можност ни делумно да ја согледаме затоа што во нашите збирки имаме само 5 скулптури од автори кои припаѓаат на различни генерации со разновидни индивидуални карактеристики.
Јан Штурса со "Пуберта" од 1905 год. со сите битни карактеристики на реализмот, преку стилизацијата на фигурата навестува посовремени пластични тенденции. Јан Костка осцилира помеѓу реалистичкиот пристап на мотивот и експресијата на материјалот. Александар Тријужак го напушта класичниот метод во моделирањето на скулптурата и создава дело што асоцира на форми од механизираните објекти за вселенски истражувања.
Графичката дејност, како специфично ликовно-естетско изразување, има долга традиција во чехословачката уметност. За тоа ни зборува и податокот за постоењето на Друштвото на чехословачките графичари "Холар" што е формирано 1917 год. во Прага, а коешто континуирано без прекин организира бројни изложби на членовите на Друштвото во земјата и надвор од неа. Освен што организира изложби преку кои се

афирмира графичката уметност, "Холар" издава и сопствен часопис што позитивно влијае врз развојот на графичката уметност во Чехословачка. Поголемиот број графики Музејот ги добил преку ангажирањето на ова Друштво.
На графиката во Чехословачка и се посветуваат не само школувани графичари туку се повеќе и уметници кои првобитно своите ликовно естетски барања ги изразувале преку други медиуми. Во графиката наоѓаат нова изразна област, која ги збигатува нивните уметнички интенции, а истовремено тие (сликари, скулптори) внесуваат нови погледи во графичката уметност, ја ослободуваат од опасноста од илустративноста или од самозадоволноста на техниката.
Фигуративната ориентација што е суштинска карактеристика во чехословачката графика е доминантна и во изложените графички листови, но во зависност од ликовниот ракопис на авторот добива разновидна обоеност.
Во графиките на Винцент Хложник и Војтјех Прејсиг експресивноста е проткаена со лиричност и поезија. Графиката на Владимир Силовски, еден од основачите на Друштвото "Холар", е со нагласено влијание на германската експресионистичка графика. Графичкиот лист на Емил Фила се карактеризира со изразита употреба на цртачки елементи во обработувањето на митолошките сцени. "Уметничката морфологија" на Владимир Комарек е многу поедноставена но таа секогаш останува во границите на предметното и со елементи на примитивистички фигуративен израз. Употребувајќи ја оригиналната техника на прфорација, Алена Кучерова фигуративното определување го спојува со почетните искуства на геометриската апстракција со лирски контекст. Поизразити фигуративни размислувања следиме и во графиките на Рудолф Климович и Надежда Синецка во чии изрази се присутни основните белези на школата на Силовски: технички квалитет, слобода на мислење, врска со традицијата и уметничко експериментирање.
Под влијание на новата фигурација, Наѓа Рапенсбергерова работи религиозни теми со експресионистички и надреалистички конотации.
Суптилноста која преминува во лиризам е особеност на графичкиот лист на Јиржи Андерле во кој нежно третираните човечки фигури ги сместува во надреална атмосфера. Нагласена надреалистичка естетика среќаваме во графичките листови на Олджих Кулханек и Јарослава Пешицова.
Инспирација од народната уметност следиме во дрворезот на Милослав Новачек. Во графиката на Адолф Борн се чувствува детско размислување за светот околу нас со доза на исмејување, што понатаму ќе има

добра подлога во неговото определување преку карикатурата да ги изрази своите ликовно естетски размислувања.
Заинтересираноста на Здењек Скленарж за старата кинеска култура, за нејзината калиграфија и симболика ја согледуваме и во изложените литографии.
Ота Матаушек својата инспирација ја бара во природата преку стилизација на фигури на птици(галеби) и природен пејзаж.
Далечна асоцијација на природниот предел следиме во графиката на Ладислав Чепелак, а графичкиот лист на Јиржи Јон преку црно-белите односи кои се прелеваат во сиво создава рафинирани низови со кои се обидува да ни ги открие скриените нешта кои владеат во природата.
Во графиките на Љубомир Пшибил, Јозеф Тифа, Јарослав Хоржанек и Цинибулк Војтјех се соочуваме со нефигуративни ориентации, но со поблиски или подалечни асоцијации на органските и предметните форми.

И покрај тоа што претставените автори не ги опфаќаат сите значајни имиња на повоената генерација ликовни уметници, сепак од презентираните дела може да се добие слика за она што се случувало во сликарството, посебно во графичката уметност, во тие значајни моменти за чехословачката ликовна сцена.

Захаринка Алексоска Бачева

# К А Т А Л О Г

## с л и к и

Јан БАУХ (1898)
1. ОВОШНА ГРАДИНА, 1957
масло на платно, 60х80

Јозеф БРОЖ (1904)
2. ПАРИСКА КОМУНА, 1960
масло на лесонит, 80х105

Карел ВАЦА (1919)
3. С Л И К А, 1964
масло на лесонит, 40,5х66,5

Ричард ВИЕСНЕР (1900)
4. ГОЛЕМА МОДРА МРТВА ПРИРОДА, 1962
масло на платно, 200х145

Франтишек ГРОС (1909)
5. Ш Л А Т А Р, 1959
масло на картон, 48,5х68,5

Јарослав ГРУС (1899-1983)
6. ПРИГРАДСКИ ПАТ, 1965
масло на платно, 105х145

Бохумир ДВОРСКИ (1902)
7. ЛЕТО ВО БЕСКИДИ, 1965
масло на платно, 90х145

Мила ДОЛЕЖЕЛОВА (1922)
8. М О М Ч Е, 1960
масло на платно, 200х147

Јан ЖЕЛИБСКИ (1907)
9. ИСПРАЌАЊЕ, 1964
масло на платно, 70х60

Јозеф ЈИРА (1929)
10. ЕСЕНСКИ ПЕЈЗАЖ, 1960
масло на платно, 65х92

Франтишек ЈИРОУДЕК (1915)
11. КОЗЛЕ ВО ПРОЛЕТ, 1964
масло на платно, 75х150

Честмир КАФКА (1922)
12. З Е М Ј А, 1962
комб.техн. на лес., 121х154

Бохдан КОПЕЦКИ (1928)
13. КОМПОЗИЦИЈА II, 1963
масло на платно, 54х73

Јан КОТИК (1916)
14. КОМПОЗИЦИЈА, 1960
масло на платно, 146х124

Православ КОТИК (1889)
15. О Т Е Л О, 1959
масло на платно, 106х89

Рудолф КРИВОШ (1933)
16. Т О В А Р, 1962
масло на платно, 73х60

Јозеф ЛИЕСЛЕР (1912)
17. ХАМЛЕТ, 1964
масло на шпер-плоча, 121х63

Камил ЛОТАК (1912)
18. ДВА ШАТОРА, 1964
масло на шпер-плоча, 35х31

Петер МАТЕЈКА (1913-1972)
19. ПРИЈАТЕЛКИ, 1964
масло на картон, 65x57

Миклаш МЕДЕК (1926)
20. НЕЖНОСТ, 1964
комб.техн.на платно, 162x130

Вацлав РАБАС (1885-1954)
21. ЕСЕНСКИ БРАЗДИ, 1946
масло на платно, 59,5x117

Теодор РОТРЕКЛ (1923)
22. РАДИО-ЛОКАЦИЈА, 19[illegible]
масло на лесонит, 77x46,5

Карел СВОЛИНСКИ (189[illegible])
23. УМЕТНИК, 1963
масло на картон, 70x50

Карел СОУЧЕК (1915)
24. ПИЈАНИЦА, 19[illegible]2
масло на картон, 90x65

Фердинанд ХЛОЖНИК (1921)
25. РАСПУКАНА ЗЕМЈА, 1963
масло на платно, 78x65

Франтишек ХУДЕЧЕК (1909)
26. СВЕТЛИНА, 1964
масло на платно, 65x54,5

Јиржи ШМИТ (1921)
27. Т О Р З О, 1964
комб.техн.на платно, 140x105

с к у л п т у р и

Јозеф ЈАНКОВИЧ (1937)
1. ПОСЛЕДНА ВЕЧЕРА, 1966
објект, комб, техн., 94x82x70

Јозеф КОСТКА (1912)
2. НА КЕЈОТ, 1962
бронза патинирана, 35x20x10

Александар ТРИЗУЉАК (1921)
3. РАКЕТОСТРОЈ, 1961
железо, 145x23x16

Јан ШТУРСА (1880-1925)
4. ПУБЕРТА, 1905
бронза, 84x23x10

г р а ф и к и

Јиржи АНДЕРЛЕ (1936)
1. БЕЗ НАСЛОВ I, 1981
бакропис и акватинта, 66x49,5

2. БЕЗ НАСЛОВ II, 1981
бакропис и сува игла, 76x51

Адолф БОРН (1930)
3. АНГЕЛ И ЧЕТИРИ ПТИЦИ, 1965
литографија во боја, 60x42

Борживој БОРОВСКИ (1933)
4. TROFOEDÉME HÉRÉDITAIRA IV, 1966
мешана техн.во боја, 59,5x38,5

Душан ЈАНОУШЕК (1928)
5. ДЕНОВИ И НОЌИ 1939-1945, 1972
сува игла, 36x27

Јон ЈИРАН (1923-1972)
6. КАМЕН, 1965
бакропис, 53x73,5

Рудолф КЛИМОВИЧ (1917)
7. Т О Р З О, 1968
литографија во боја, 72x59

Маричка КЛИМОВИЧОВА (1927)
8. НАПНАТОСТ , 1965
сува игла, 49x68,5

Бохуслав КНОБЛОХ (1924)
9. HRACHOLUSKY, 1962
акватинта во боја,51,5x66,5
10. ВЕРОНА, 1962
акватинта во боја, 49,5x68

Владимир КОМАРЕК (1928) .
11. ПОЛУ АКТ , 1966
сува игла, 47x34

Олджих КУЛХАНЕК (1940)
12. Р'А Ц Е, 1980
литографија во боја, 76,5x57
13. ХОЛ - ЛА, 1980
литографија во боја, 83x60

Алена КУЧЕРОВА (1935)
14. МАЛИ ОБЛАЦИ, 1965
бакропис, 44,5x58
15. ЧЕТИРИ ФИГУРИ, 1966
бакропис, 79,5x56

Ота МАТАУШЕК (1890)
16. РИБНИК СО ГАЛЕБ, 1962
линорез, 44x60

Онжеј МИХАЛЕК (1947)
17. ЗА ТЕТЕН СВЕТЛОСЕН ОБЈЕКТ,1989
линорез, 82x59,5

Милослав НОВАЧЕК (1923)
18. НОКНА МАСКАРАДА, 1964
дрворез во боја, 46,5x39

Јарослава ПЕШИЦОВА (1935)
19. ЗАВЕСА, 1980
бакропис во боја и мезотинта,
80x60,5

20. ШАХОВСКИ ФИГУРИ, 1980
бакропис во боја и мезотинта,
80x60,5

Војтјех ПРЕЈСИГ (1873-1944)
21. КУЛА НА СТЕНАТА, 1906
акватинта и бакропис во боја,
39,7x29,7
22. ВЕЧЕР, 1906
акватинта и бакропис во боја,
36x27

Љубомир ПШИБИЛ (1937)
23. КОМПОЗИЦИЈА IV, 1963
комбинирана техника,90x65,5

Наѓа РАПЕНСБЕРГЕРОВА (1936)
24. ПИЕТА I, 1973
литографија, 44,5x32,5
25. ПИЕТА II, 1973
литографија, 44,5x32,5
26. ПИЕТА III, 1973
литографија, 44,5x32,5

Владимир СИЛОВСКИ (1891)
27. ПОКРАЈ СЕНА, 1926
дрворез, 45,5x54

Надежда СИНЕЦКА (1926)
28. ЛУЃЕ СО КУЧИЊА, 1965
акватинта и бакропис,52x66
29. ЛУЃЕ СО ДЕТЕ, 1965
акватинта во боја, 66x51

Здењек СКЛЕНАРЖ (1910)
30. АКВАРИУМ, 1964
литографија,66x48,5
31. КИНЕСКИ ПАВИЛЈОНИ, 1964
литографија, 48,5x66

Јозеф ТИФА (1913)
32. СИН БЛУЗ, 1964
литографија во боја,53x70

Франтишек ТИХИ (1896x1961)
33. ПАРИСКИ ПОКРИВИ, 1940
бакропис, 14,1x28,1
34. ФАНТОМ, 1944
сува игла, 31,9x25,3

Емилија ТОМАНОВА (1933)
35. ВРТЕШКА, 1964
акватинта, 68x51,5

Емил ФИЛА (1882-1953)
36. ХЕРАКЛЕС И БИКОТ, 1937
сува игла, 40,5x31,5

Вацлав ХЕЈНА (1914)
37. МАНАСТИРОТ СВ.АНЕШКА,1965
литографија во боја, 56x66

Винцент ХЛОЖНИК (1919)
38. НЕДЕЛА, 1958
литографија, 37x56

Јарослав ХОРЖАНЕК (1925)
39. МОДРО-ЦРВЕНО, 1966
комб.техн. во боја, 31x57,5

Војтјех ЦИНИБУЛК (1915)
40. ПЕГАЗ, 1967
литографија, 59x67

Ладислав ЧЕПЕЛАК (1924)
41. СНЕЖНИ ДАМКИ, 1966
бакропис и акватинта,27,5x34

Јарослав ШВАБ (1906)
42. ОД ТЕАТАР, 1964
линорез, 62x45